СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првот продолжение на 76-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 октомври 1997 година

Скопје, октомври 1997 година

**76 (СЕДУМДЕСЕТ И ШЕСТА), I ПРОДОЛЖЕНИЕ**
**ОДРЖАНА НА 8.X1997 г.**

| | |
|---|---|
| 1.КОЦЕВСКИ АЦЕ 3, 6 | ....Заклучок по Т.12-стр.2 |
| 2. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1 | Т.14-стр.2 |
| 3. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ 4, 8 | |

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 76-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 октомври 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 7 6-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Мислев да поминеме на гласање на оние две точки што ни преостанаа, но очигледно ниту интерпелацијата не е доволен мотив на пратениците да дојдат во поголем број во салата.

Пратениците Благоја Силјановски, Зоран Крстевски, Панче Насев, Кире Видимче, Теодосие Паунов, Нано Ружин, Борис Костаќев, Димче Настевски, Љубомир Чадиковски, Илинка Митрева и Бранирод Михајловски и Стојан Андов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве потсетувам дека по точката 12, го заклучивме претресот, но поради немање на кворум заклучокот по точката не го усвоивме. Станува збор за Предлог за донесување на закон за празниците на Република Македонија.

Поради тоа што го заклучив претресот на тоа продолжение на седницата, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

I/2 пј/вц

1. Собранието на РМ го усвојува Предлогот за донесување на закон за празниците на Република Македонија.

2. Пратеникот Александар Ивановски ќе изготви и на Собранието на Република Македонија ќе му достави предлог на закон за празниците на Република Македонија, при што ќе ги има мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, забелешките на пратеникот Џеладин Мурати, укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија и мислењата и предлозите на Владата на Република Македонија, надлежните министерства, Македонската академија на науките и уметностите и одделни научни институции.

3. Овој заклучок да се достави до пратеникот Александар Ивановски, Владата на Република Македонија, Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок, молам, да крене рака?

75 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (1 пратеник е против)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници се воздржаа]

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 14 -

Предлог на одлука за состав на Анкетната комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата од Гостивар на 9 јули 1997 година.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Г-дин Аце Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, се јавив да го известам ставот на пратеничката група на ЛДП. Нашата пратеничка група поаѓајќи од важноста на одлуката за состав на Анкетната комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година, неколку пати расправаше за составот на Анкетната комисија и за сето она што му претходеше при постапката за негово утврдување и должен сум да го изнесам следниот став.

Пратеничката партија на ЛДП, поаѓајќи од принципот да не прифаќа никакви условувања ниту уценувања, ниту оценуваше на ничија морално, нечија морално политичка подобност дали може или не може да биде член на Анкетната комисија го повлекува предлогот господинот Владимир Станковски да биде член на Анкетната комисија и го дава следниот предлог:

Во Анкетната комисија да влезат двајца претставници на пратеничката група на ЛДП и тоа двајцата пратеници кои претходно беа предложени г-динот Слободан Даневски и г-динот Владимир Станковски од следните причини:

Прво, Анкетната комисија е формирана со задача да ги испита евентуалните пречекорувања на полицијата во познатите гостиварски настани. Составот на Анкетната комисија кој го имате пред вас вели дека од вкупниот состав на седум пратеници кои се предложени, шест пратеници се од партиите или независниот кандидат, кои ја подржуваат Владата односно од владиното мнозинство. Позната е праксата во многу парламенти во светот дека анкетни комисии кога се основаат за да утврдат одредени активности на Владата или нејзини институции се

формираат со задача да ги испитаат одредените слабости, недоследности, пречекорувања или незаконити работи. Во случајов кај нас обратно се поставени работите. Ваквиот состав на Анкетната комисија воопшто не гарантира дека работата ќе биде успешна затоа што испаѓа дека пратениците кои ја подржуваат Владата и кои се од владиното мнозинство имаат убедливо мнозинство во составот на Анкетната комисија Нашиот пристап е дека во Анкетната комисија треба да има значително учество на пратеници од партиите кои се во опозиција, за да и резултатот на активностите на таа комисија соодветствува на тоа. Во спротивно би можело да се толкува дека овој состав на одлуката на Анкетната комисија е правена не на политичка основа, туку на меѓу- етничка основа, затоа што од партијата за демократски просперитет се предложени двајца претставници додека другите се по друг принцип.

Затоа, му предлагам на Собранието да ја прекине расправата по оваа точка, по првата пауза или сега веднаш повторно се состане Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, го разгледа предлогот кој го давам во име на пратеничката група и веднаш потоа да продолжиме со работа. Во спротивно изјавувам во име на пратеничката група ние не прифаќаме да партиципираме во Анкетната комисија доколку имаме само еден член.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Комисијата за избори и именувања да се произнесе по овој предлог.

Г-дин Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, навистина човек повеќе нема зборови околу претходно искажаното од господинот

Коцевски, од причина што г-динот Коцевски е член на Комисијата за избори и именување и беше присутен на двете седници на Комисијата. Тој лично во име на пратеничката група го даде предлогот за г-динот Станковски наместо г-динот Даневски. Мислам дека е до крај некоректен односот према Комисијата и ја претворивме во циркус. Образложението околу тоа од која пратеничка група по колку пратеници треба да има воопшто не држи заради тоа што ние таму многу се нагаѓаме. Прво, имаме предложено и член на оваа анкетна комисија од Демократската партија на Албанците односно од нивната пратеничка група. Господата кажаа дека нема да учествуваат во работата на оваа Комисија од причините кои ги кажале на расправата околу настаните за Гостивар и Тетово. Ние како Комисија се определивме да има двајца членови од пратеничката група на ПДП, заради тоа што тие беа покренувачи за да се расправа околу настаните во Тетово и Гостивар. Мислам дека секој пратеник има еднакви права и одговорности овде. Нема тука позиција, опозиција и секој пратеник држи до сопствениот морал и углед и мислам дека однапред да се осудува работата на Комисијата дека ќе биде ваква или онаква да се носат заклучоци многу е некоректно и мислам дека е неблагодарно, заради тоа што не може однапред да се каже каков ќе биде исходот, односно заклучоците на Комисијата, бидејќи никој однапред не знае ништо.

Јас како претседател на Комисијата, ги молам господата од пратеничката група на ЛДП, да имаат покоректен однос спрема оваа Комисија и спрема мене лично, заради тоа што мојот однос спрема таа пратеничка група не заслужува вакви циркуси да се прават. Ако почнеме вака да правиме, мислам дека крај нема да има. Во секој случај го молам господинот Коцевски уште еднаш да се изјасни дали го повлекуваат г-

динот Станковски, дали е тоа ултимативно барање или двајца или ниеден, или ќе остане онака како што Комисијата го предложи. Јас ништо не велам за господинот Даневски дали вака ќе работи или онака, меѓутоа предлогот на Комисијата е овој што ви е доставен и јас ве замолувам да не правиме повеќе циркузи од оваа работа бидејќи станува збор, и самиот Коцевски кажа дека е сериозна работа да остане тој предлог и да се усвои таков каков што ви е доставен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Аце Коцевски има збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Не се работи за никаков циркус се работи за многу принципиелни прашања. Јас како пратеник, член на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, навистина направив личен обид да помогнам во таа ситуација, да се изнајде одредено решение после онаа седница на Собранието. Меѓутоа, потенцирав дека Пратеничката група на ЛДП во неколку наврати,навистина, расправаше за ова прашање и сето ова што го кажав, го кажав во име на пратеничката група на ЛДП.

Веднаш кажувам дека ние не сме спремни воопшто да отстапиме од тој предлог, тоа не е никаква уцена, туку го сметаме како многу принципиелен и важен однос, не само кон ова, туку и кон сите такви други или слични прашања, кои понатаму ќе доаѓаат на дневен ред на ова собрание.

Мојот став како пратеник и како член на Комисијата за избори и именувања во врска со работата на истата комисија сте имале прилика да го слушнете многу пати досега. Јас само како пратеник и моите колеги од опозицијата, пред се, од ЛДП секогаш сме по правило, со чести исклучоци надгласани, сум ги кажувал своите оштри забелешки на начинот и водењето на Комисијата за прашањата на изборите и

именувањата, ако сакате да бидете чесни и искрени треба да признаете дека и начинот на кој претседателот на Комисијата на последното продолжение ја повлече одлуката од постапка во Собранието, во име на Комисијата, а без да ја консултира Комисијата дали се согласува предлогот да биде повлечен, исто така е дискутабилен и тоа е вон деловникот. Ако сакаат да знаат пратениците ќе им кажам дека и самиот состав на Анкетната комисија не беше утврден на официјална седница на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, туку по пат на телефонски консултации и поминување во канцеларијата на претседателот на Комисијата. Истата таа комисија за многу прашања, како што беше утврдување на составот на членовите на управниот одбор на Клиничкиот центар во 5-6 наврати се наврати да утврдува, да менува да дополнува, па пак да се враќа на истите предлози. Тоа досега го зборував повеќе пати. Повеќе пати сум кажувал каков е односот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во врска со утврдување на членови за состав на управните одбори на многу училишта, градинки, музеи, библиотеки и т.н. здравствени организации во Македонија каде што без исклучок секаде доминираат претставници на владеачката коалиција, а претставниците од опозицијата или се истиснати или се маргинално присутни таму. Се остава еден лош впечаток затоа што ние како Собрание тие луѓе што ги делегираме преку нас ја претставуваат пошироката општествена заедница. Дали тоа значи дека на следните избори кога ќе се смени составот што сигурно ќе се смени во овој законодавен дом, по правило сите управни одбори во сите институции треба да бидат ревидирани. Ако сакате земете го и примерот на Владата со утврдуваше на составите на управните одбори во јавните претпријатија во Македонија, каде што без исклучок сите претставници се од позицијата и скоро сите пратеници се од овој

состав на Парламентот. Дали затоа што сите од нив имаат надоместок од 12 илјади денари за вршеше на функција член на управен одбор на Македонија - пат, Аеродромско претпријатие или други јавни претпријатија, или од некој друг интерес не ми е јасно. Меѓутоа, сакам да ме сватите многу чесно дека така не може да се работи. Дека тоа води кон нестабилност на политичкиот систем на земјата затоа што ќе биде од оваа држава со секоја промена на власта ние автоматски ги менуваме сите управни одбори што се формираат во оваа држава. Тоа не е добро. Затоа, сакам добронамерно да ме сватите и ние навистина не сме спремни да отстапиме од ова. Мислам дека предлогот што го дадовме е добар компромис и дека тоа може да се изведе многу лесно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Џаферовски има збор.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Господинот Коцевски си зеде за право да ги помеша времињата, затоа што јас не знам за кое време зборуваше тој. Ако зборуваше за времето откога сум јас претседател, мислам дека немам коментар, тука се сите членови на Комисијата за избори и именување и тие можат да замислат колку е сето ова вистина што е кажано и колку не е. Меѓутоа бидејќи станува збор за повлекување на предложениот член од ЛДП, прифаќам Комисијата во една од паузите или веднаш после да се состане, а не прифаќам никакви ултимативни барања да бидат двајца или слично и образложението воопшто не држи. Тоа што тој го кажува го руши правни систем, нема врска таа работа. Изборните резултати можат само да кажат кој со колку и каде може да биде застапен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, немаме расправа и предлогот се повлекува на Комисијата и претседателот на Комисијата предлага во една од паузите да се расправа за евентуалниот предлог за нов состав на Анкетната комисија.

Бидејќи во меѓувреме влегоа неколку пратеници, молам за уште една информација колку пратеници се присутни во салата и дали можеме да гласаме по двете точки што ни преостанаа од последната седница.

88 пратеници се присутни во салата.

Според тоа дневниот ред е исцрпен.

Ја заклучувам седницата.

Седницата заврши во 12,45 часот.